**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд преку судијата Александра Ристеска како судија поединец со записничар Васка Цветковска - судски работник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО од С. XXI КО бр.893/18 од 24.10.2018 година **против обвинтиот ШАЌИР ШАЌИРИ од С. за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ,** по одржаната главна јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител од Основното Јавно Обвинителство С. Јасмина Костеска Здравеска, обвинетиот Шаќир Шаќири од С. со неговиот бранител Александра Наумовска, адвокат од С. и полномошникот на оштетените адвокат Ангел Бакев од адвокатска канцеларија на адвокат Душанка Велјановска од С., согласно чл.381 од Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150 од 18.11.2010 година), на ден 25.12.2018 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Врз основа на признание на вина

**ОБВИНЕТИОТ ШАЌИР ШАЌИРИ СО ЕМБГ ...,** од татко ..., мајка ..., роден на ... година во С., каде и живее на ул...бр..., женет, татако на две деца, писмен со завршено основно образование, вработен во берберница, Албанец, Државјанин на РМ, неосудуван, не се водат постапки за други кривични дела.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 11.08.2017 година, во 13,40 часот како учесник во сообраќајот на јавните патишта управувајќи ПМВ „Фолксваген Бора" ..., по левата сообраќајна лента од бул. „Партизански одреди" во насока од запад кон исток, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност телото на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи или ќе ја спречи на начин што кога дошол наспроти ТЦ „Сити Мол" постапил спротивно на чл.19 ст.1 и чл.33 од ЗБСП, не обрнал внимание на пешаците кои започнале да чекорат по коловозот и притоа возилото го управувал со

брзина на движење од 67,0 км/ч која не била приспособена спрема својствата и состојбата на патот, густината во сообраќајот и другите сообраќајни услови така што да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка на патот, што под дадени услови можел да ја предвиди, па поради тоа со крајниот лев дел од предниот браник на возилото и со левиот надворешен ретровизор удрил во левата страна на телото и во левата нога на оштететениот З.Н., кој како пешак го поминувал коловозот од бул.„Партизански Одреди“ во насока од југ кон север, односно од десно кон лево гледано во насока на движењето на ПМВ „ Фолксваген Бора“, од кој удар оштетениот З.Н. здобил тешки телесни повреди изразени во вид на крвни подливи во пределот на рацете, огшеница на левата надлакотна коска, крвен подлив во пределот на целата лева слабинска регија со интензивна крвна подлиеност на поткожното масно и мускулно ткиво, кое ја зафаќа и целата лева задна страна на градниот кош со скршување од третто до деветто ребро од левата страна на градниот кош, крвна подлиеност на десната нога, скршеници на двете подколенични коски и крвна подлиеност на поткожно масно и мускулно ткиво во предел на левата бедерна регија, поради што дошло до развивање на масна емболија, како резултат на која на ден 30.08.2017 година во 11,45 часот настапил смртен исход.

Со кои дејствија обвинетиот **ШАЌИР ШАЌИРИ** од С. сторил кривично дело – **Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ,** па согласно цитираниот член како и членовите: 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 34, 39, 40, 41, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ и чл.102 и 105 од ЗКП, судот на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка:

**УСЛОВНА ОСУДА**

Така што му утврдува казна затвор во траење од **2-ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека така утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот за време од **5-ПЕТ ГОДИНИ** сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

.**СОГЛАСНО чл.102 и 105 од ЗКП**, се задолжува обвинетиот да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и износ од 28.650,00 денари, од кои 6.500,00 денари на име трошоци за Изработка на писмен наод и мислење – сообраќајно-техничко вештачење на Д.-В Дооел, износ од 20.650,00 денари на име трошоци за дадено стручно судско-медицинско мислење за смртта на покојниот З.Н. на Институтот за судска

медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, износ од 1.500,00 денари согласно трошковник на МВР СВР С., во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основното Јавно Обвинителство С. до овој суд поднесе обвинителен предлог XXI КО бр.893/18 од 24.10.2018 година, против обвинетиот Шаќир Шаќири од С. за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ.

Постапувајќи по обвинителниот предлог судот на ден 25.12.2018 година закажа и одржа главна јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител од Основното Јавно Обвинителство Скопје Јасмина Костеска Здравеска, обвинетиот Шаќир Шаќири од С. и на неговиот бранителАлександра Наумовска адвокат од С., оштетените С. Д. и В.Т., полномошник на оштететните Ангел Бакев адвокат од С., на која по изнесувањето на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител, обвинетиот даде изјава за признавање на вина.

Откако судот, согласно чл.381 ст.2 од ЗКП утврди дека признанието на вина на обвинетиот е доброволно и дека истиот е свесен за правните последици од признанието на вината, за последиците поврзани за имотно правното побарување и трошоците на кривичната постапка, судот со оглед на ваквата изјава на обвинетиот согласно чл.381 ст.3 од ЗКП, откако, согласно член 379 од ЗКП, ги изведе доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција со читање и увид во: Потврда од крим евиденција на име на обвинетиот КР-10340/18 од 11.04.2018 година и се чита доказот на одбраната – Извод од матична книга на венчаните на име на Шаќир Шаќири и Рехан Исљами, Извод од матична книга на родени на име на А. Ш. Извод од матична книга на родени Ј.Ш., Потврда од агенција за ... на име Р. Ш. и Потврда за исплатени средства по основ на платени придонеси од фризерско студио Бербер Ј.Ш.

Во завршниот збор Јавниот обвинител Јасмина Костеска Здравеска наведе дека останува во целост на поденсеното обвинение против Шаќир Шаќири за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ,. Имено од доказите на кои се темели обвинението на ЈО во корелација со признанието на вина дадено од страна на обвинетиот на главната расправа, неспорно се утврди дека истиот е сторител на кривичнотот дело кое му се става на товар и тоа на начин, време и место опишани какао во диспозитивот на истото. Поради наведенотот ЈО му предлага на судот обвинетиот да биде огласен за виновен и казнет според закон, а при

одмерување на видот и висисната на казната, да ги има во предвид одредбите од чл.39 од КЗ.

Полномошникот на оштетените адвокат Ангел Бакев од С., во завршен збор наведе дека не предјавува оштетено побарување, од причина што истото ќе го остваруваат во осигурителна компанија и не се приклучуваат кон кривичен прогон на обвинетиот.

Бранителот на обвинетиот адвокат Александра Наумовска, во завршен збор наведе дека од изведените материјални докази неспорно произлегува дека обвинетиот го сторил кривичното дело кое му се става на товар, но имајќи ги во предвид околностите да истиот не е единствен виновник за предизвикување на предметниот кривично правен настан, односно сообраќајна незгода, туку дека пропусти постојат и на старна на покојниот, поради што одбраната смета дека има услови на обвинетиот да му биде изречена поблага кривична санкција, односно алтернативна мерка – Условна осуда. Согласно изготвеното сообраќајно-техничко вештачење неспорно се утврдува фактот да и на страна на покојниот постојат пропусти во случување на сообраќајната незгода во смисла да истиот го поминал коловозот на мсто каде што не постојат обележани пешачки премини, односно истите биле на оддалеченост од 83 метри, па согласно ЗБСП покојниот имал законска обврска да се движи исклучиво на обележаните пешачки премини. Од друга страна на местото каде што се случила незгодата предност на минување имал обвинетиот со своето возило, а не пешакот, а од друга страна покојниот го поминувал коловозт со претрчување кое исто така е недозволиво. Бранителот во продолжение на завршен збор наведе дека имајќи ги во предвид наведените околности односно пропусти на страна на покојниот а исто така имајќи ги во предвид и останатите олеснителни околност согласно чл.39 од КЗ, а тоа е фактот да обвинетиот е женет, татко на две деца , истиот досега е неосудуван, ниту пак против него се води постапка за друго кривично дело,. Со оглед да обвинетиот на главна распарава даде признание на вина за сторенотот дело, се покаја за истото, како и имајќи ги во предвид пропустите на страна на покојниот пешак, смета дека има услови од старна на судот да му биде изречена поблага санкција, односно алтернативна мерка – Условна осуда, со која одбраната цени дека ќе се постигнат целите на казнувањето, како во поглед на генералната, така и во поглед на специјалната превенција.

Обвинетиот Шаќир Шаќири во завршен збор наведе дека во целост го прифаќа завршниот збор на неговиот бранител, се кае за стореното, ја признава вината и вети дека во иднина нема да сторува вакви или слични кривични дела, истиот е прв пат во судир со законот и пред судот. Обвинетиот исто така наведе дека покојниот му претрчал, истот сакал да закочи, но не успеал и за жал се случил немилиот настан, наведе дека и покојниот имал придонес за настанување на сообраќајната незгода, но

секако самиот тој во себе ја носи одговорноста, за која мисли дека и во иднина ќе ја провлекува, исто тка му појасни на судот дека не е способен после стресот од незгодата да управува со моторно возило. Го замоли судот поблаго да го казни од причина што е татко на две деца, единствен издржавател на неговото семејство, сопругата му е невработена,а притоа живеат со неговата мајка која е во подоцнежни години.

Околноста дека обвинетиот е неосудуван и дека против него не се водат постапку за други кривични дела судот ја утврди од Потврда од крим евиденција на име на обвинетиот КР-10340/18 од 11.04.2018 година издадена од Основен суд Скопје I С..

Од Изводот од матична книга на венчаните бр. 0913-26/1075 од 12 ноември 2018, година, издаден од Управа за водење на матични книги, судот утрди дека обвинетиот е во брачна заедница со Р.И..

Од Изводите на родени на име А.Ш. бр.09р-11/7968 од 12.11.2018 година и Ј.Ш. бр. 09р-11/7969 од 12.11.2018 година судот утврди дека истите се деца на обвинетиот Шаќир Шаќири.

Од Потврдата издадена од Агенција за вработување на Р.М. на име Р.Ш., судот утврди дека истата не е евидентирана како невработено лице во евиденција на Агенцијата.

Од Потврдата за исплатени средства по основ на платени придонеси од плата за последните три месеци, судот утврди дека на обвинетиот истите му се исплатени од страна на фризерко студио Бербер Ј.Ш.

При определувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција судот ги имаше предвид сите околности предвидени во чл.39 од КЗ кои се од влијание за индивидуализација на казната, па така како отежнувачки околности ги ценеше општествената опасност од овој вид кривични дела, објектот на заштитеното добро, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, зачестеноста на ваков вид на кривични дела, но неизоставно ги ценеше и олеснувачките околности, пред се дека се работи за релативно млада личност, роден ... година, дека истиот е женет и е татко на две деца, пришто неговата сопруга е невработена, а мајката на обвинетиот, која живее со нив во зедница е во подоцнежни години, истиот е единствен издржавател на целото семејството. Обвинетиот покажа искрено каење и жалење за стореното, му посочи на судот дека од немилиот настан и тој се здобил со трауми и не е способен да управува со моторно возило, притоа истиот е неосудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела. Судот ја ценеше и околноста дека оштетените не предјавија оштетно побарување и не се приклучија кон кривичен прогон на обвинетиот, па со оглед на

сето наведено, сдуот цени дека изречената мерка доволно ќе влијае истиот во иднина да не врши вакви и слични кривични дела, превентивно ќе влијае на луѓето во средината каде тој живее и пошироко, па во таа смисла ќе се постигне очекуваниот ефект и целта на Условна осуда предвидена во член 48 од КЗ, како и целта на казнувањето во смисла на чл.32 од КЗ.

**СОГЛАСНО чл.102 и 105 од ЗКП**, се задолжува обвинетиот да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и износ од 28.650,00 денари, од кои 6.500,00 денари на име трошоци за Изработка на писмен наод и мислење – сообраќајно-техничко вештачење на Д.-В Дооел, износ од 20.650,00 денари на име трошоци за дадено стручно судско-медицинско мислење за смртта на покојниот З.Н. на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, износ од 1.500,00 денари согласно трошковник на МВР СВР С., во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**
**I К.бр.1859/18 од 25.12.2018 година**

**ЗАПИСНИЧАР,** **С У Д И Ј А,**
**ВАСКА ЦВЕТКОВСКА с.р.** **АЛЕКСАНДРА РИСТЕСКА с.р.**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 8 дена од приемот на истата, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**ДН:**

-ЈО во ОЈО С. Јасмина Костеска Здравеска, XXI КО бр.893/18 од 24.10.2018 година

-обвинетиот Шаќир Шаќири, ул...бр.... С.

-бранител на обвинетиот адвокат Александра Николовска од С.

**СУДИЈА,**